РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЗАТВОР КУМАНОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА
BURGU I KUMANOVËS ME REPARTIN E HAPUR NË KRIVA PALLANKË
Бр.-Nr. 0302-2759/1
19 . 12 . 2023 год.-vit/e.
с.К'шање, Куманово / f.Kёshanje, Kumanovё

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО**

**со Отворено Одделение во Крива Паланка**

Врз основа Планот за спречување на корупција во националниот затворски систем за период 2022-2026 година донесен во Февруари 2022 година донесен од Управата за извршување на санкциите и согласно Заклучокот од 55-та седница на Владата на РСМ одржана на 28.06.2022 година бр.41-17/55 од 28.06.2022 година, точка 45, а во врска со Информацијата за превземање на мерки за борба против корупција Директорот на КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ЗА 2024 година

## ВОВЕД

Корупцијата, позната и како нечесност или криминална активност, е една од најчестите форми на криминално однесување. Поединци или групи вршат зли дела. Најзначајниот проблем со овој чин е тоа што ги загрозува правата и привилегиите на другите. Митото и проневерата се најчестите примери на корупција. И покрај тоа, постојат многу начини на кои може да се појави корупција. Бројките на властите најверојатно се корумпирани. Ненаситноста и себичното однесување секако се рефлектираат во корупција.Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја дефинира корупцијата како ,,злоупотреба на функцијата", јавното овластување, службената должност или положба заради остварување на имотна корист, директно или преку посредник, за себе или за друг . Поимот ризик од корупција дефинира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државните органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации , транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот .

Корупцијата најчесто се врши преку поткуп. За да се стекне лична корист, услугите и подароците неправилно се користат како поткуп. Дополнително, услугите доаѓаат во различни форми. Повеќето услуги се финансиски, во форма на подароци, акции на компанијата, сексуални услуги, вработување, забава и политички придобивки. Давањето преференцијален третман и игнорирањето на криминалот, исто така, може да бидат мотиви за личен интерес.Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово+389 31 411 433
Република Северна Македонија
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од корутивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Посебен акцент во справување со корупцијата ќе биде ставен на унапредување на професионалниот интегритет на вработените кои при извршување на задачите треба да применат соодветни знаења, етичко однесување, чесност и да работат во полза на јавниот интерес како да постапуваат согласно прописите, правилата и професионалните стандарди кои се преименуваат во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка. Секој вработен треба да покажува висок степен на интегритет во работењето, да го почитува етичкиот кодекс на однесување и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.

## ПРАВНИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА

Правниот систем, во таа конотација, се соочува со сериозен предвизвик: како да се нормира човековото однесување со цел да се спречи и/или барем намали ризикот од корупција? Притоа, корупцијата сама по себе е комплексен и хетероген поим. Таа опфаќа низа на човекови поведенија (подмитување, тргување со влијание, непотизам и слично), може да се јави во речиси секакви ситуации (од наједноставна управна постапка, до постапка за доделување на најсложена концесија) и може да има различен опфат и обем. Надминувањето на споменатиот предизвик само по себе имплицира ангажирање на научната мисла.

## АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА НА КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО со Отворено одделение во Крива Паланка

- КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка не толерира коруптивно однесување односно: искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положбата за остварување на било каква корист за вработениот или негов близок. Исто така КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка не толерира било каква друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно на етичкиот кодекс на однесување.

- Директорот и раководните лица на сектори и одделенија како и раководни припадници на затворска полиција во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка се одговорни за проценка и отстранување на ризици кои што придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово+389 31 411 433
Република Северна Македонија
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање на повластен третман или каква било друга форма на неетичко и незаконско однесување.

- Административните службеници и припадници за затворска полиција вработени во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка се должни да се однесуваат чесно, одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови на постапување, да бидат лојални на институцијата, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот на институцијата во јавност без разлика дали се наоѓаат на работно место или не и во секое време.

- Вработените се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж за корупција или друго неетичко однесување. Вработените на кои им бил понуден поткуп или биле поттикнувани на незаконски и неетички дејствија треба на културен начин да прекинат комуникација со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во институцијата. При тоа вработениот треба да ги појасни деталите вклучително – времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.

- Доколку вработениот не постапи согласно пропишаната процедура, против него ќе биде покрената соодветна постапка.

- Пријавување на коруптивно однесување на лица кои се вработени во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка мораат во печатена форма, телефонски или преку електронска пошта да го информираат овластеното лице во институцијата.

- Вработените кои биле сведоци или имаат основни сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработените во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка мораат во печатена форма, телефонски или преку електронска пошта да го информираат овластеното лице во институцијата. Вработените на кои што им бил понуден поткуп или биле поттикнувани на незаконски или неетички дејствија треба на културен начин да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во институцијата. При тоа вработениот треба да ги појасни деталите вклучително - времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово+389 31 411 433
Република Северна Македонија
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

- На вработениот кој пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.

- Коруптивните однесувања се казниви согласно Кривичниот законик, а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциска политика задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка која не исклучува и кривична одговорност.

- Директорот и раководните структури во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина го гарантираат правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои пријавиле неетичко и незаконско однесување.

- Доколку се докаже дека лицето тенденциозно или злонамерно пријавило или дало лажен исказ против него ќе бидат превземени соодветни мерки за одговорност.

- Пријавување на коруптивно однесување на лица кои што се вработени во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка е должност на секого. Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност.

- Ништо што е содржано во оваа антикорупциска политика не е ограничувачки фактор за вработените во поглед на пријавувањето на кривични дела на полицијата, обвинителството или Државната комисија за спречување на корупција

- Доколку се докаже дека лицето тендециозно или злонамерно пријавило или дало лажен исказ, против него ќе бидат превземени соодветни мерки за одговорност .

**ОБЛАСТИ КАДЕ НАЈЧЕСТО ПОСТОИ РИЗИК ОД КОРУПЦИЈА**


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово+389 31 411 433
Република Северна Македонија
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

## 1. Постапки за вработување и унапредување во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка

Заради спречување на корупција и судир на интереси , при спроведување на постапки за вработување и унапредување ќе се почитуваат следните начела :

- Начело на законитост

Вработените во сите органи на државната управа / јавниот сектор треба да ги вршат работите и работните задачи во согласност со Уставот, Закон, други прописи и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

- Начело на еднакви услови , еднаков пристап до работното место, соодветна и правична застапеност

Сите институции согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, имаат обврска слободните работни места и условите за пополнување да ги огласат преку јавен и интерен оглас.

- Начело на стручност и компетентност

Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најстручниот и најкомпететниот кандидат за работното место .

- Начело на професионална етика, непристрасност и објективност

При извршување на работите и на работните задачи, вработените треба да задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и да се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди .

- Начело на справување на судир на интереси

Вработените не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси.

## 2. Постапки за јавни набавки

Спроведување на постапките за јавните набавки, како област која е идентификувана како чувствителна на корупција, во Затвор Куманово спаѓа на работните обврски на Одделение за јавни набавки. Вработените лица во оваа одделение како и сите останати вработени лица кои се вклучени во процесот на јавни набавки се должни да ги почитуваат законските и подзаконските акти, како и Интерната процедура за


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово+389 31 411 433
Република Северна Македонија
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

спроведување на постапките за јавни набавки во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка.

Службеното лице не смее да врши незаконско влијание во постапка за јавна набавка. Системот за јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода на основање, слобода за обезбедување на услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност , еднаков третман на економските оператори и сразмерност .

- Начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства. Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства.
- Начело на транспарентност

Договорниот орган ги реализира постапките за јавни набавки на транспарентен начин и во согласност со одредбите на законот за јавни набавки .

- Начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори

Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го во предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.
При спроведување на јавните набавки КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка ќе се стреми да обезбеди нулта толеранција при злоупотреба за доделување на договор за јавна набавка, како и да ја следи целата постапка во текот на реализација на договорите за јавни набавки во кои како договорен орган се јавува КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка.

Со цел да се заштити јавниот интерес и да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност, зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, засилување на надзор и контрола над примената и почитувањето на процедурите за спроведување на јавните набавки како и зголемување на ефикасноста во реализација на јавните набавки.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово+389 31 411 433
Република Северна Македонија
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

## 3. Непочитување на постапки и процедури и акти за етичко однесување

Секој вработен / именувано лице треба да се стреми кон доследно почитување на Кодексот на административни службеници, Кодексот за однесување на службените лица во извршување на работните задачи во казнено - поправните и воспитно поправните установи. Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на РСМ и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на РСМ и Доследно почитување на воведените пропишани процедури за работа на работните процеси во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка.

Секое непрофесионално однесување на вработено именувано лице во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка фрла сенка врз нивниот интегритет и може да внесе сомнеж за компетентноста на институцијата. Воедно треба да се избегнува секаков можен конфликт на интереси со добивање на подароци кои би можеле да имаат влијание врз интегритетот на вработените .

Вработените / именувани лица во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка да не дозволат нивните или било чии приватни, финансиски или други интереси да дојдат во конфликт со извршување на нивните работни задачи.

Вработените / именувани лица во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка да се спротивстават на сите форми на корупција во рамките на пенитенцијарниот систем и да ги информираат непосредно претпоставените за било кои знаци на корупција во рамки на службата. Вработените / именувани лица во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка да ги извршуваат своите работни задачи на професионален и политички неутрален начин, да не го застапуваат и изразуваат своето политичко уверување и да не вршат политички активности при извршување на работните задачи.

## 4. Финансиско управување и контрола

Финансиското управување и контрола е збир на одговорности на раководителот на субјектот да воспостави и имплементира процедури за постигнување целосна контрола во работењето врз основа на принципот на стабилно финансиско управување и контрола. Стабилно финансиско управување и контрола на транспарентно, регулирано, економично, ефикасно и ефективно користење на расположливите средства.

## 5. Внесување мобилни телефони/наркотични средства(алкохол, дрога или други недозволени придмети при прием или претрес на пратки


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка

с.К'шање, Куманово+389 31 411 433
Република Северна Македонија

+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

Во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка се работи на подобрување на внатрешниот ред и дисциплина, спровод на притворени или осудени лица, контрола при прием, претрес на простории, лица и пратки. За да се спречи внесување на недозволени средства потребно е да се вршат обуки на вработени лица од затворска полиција за правилен начин на кој се врши претресот. Вработениот да не потпаѓа под надворешни влијанија и совесно да си ја изврши работата во согласност со Законот и во согласност со План за обезбедување во установата.

**6. Водење на дисциплински постапки**

Во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка

**7. Распоредување на затворска полиција**

**8. Спроведување на третман и користење на погодности**

**АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА**

Корупцијата мора да се запре со строги закони. Поединците кои ќе извршат кривични дела треба да добијат строги казни. Исто така, најважно е строгите закони да се спроведуваат ефикасно и брзо.Превземање на дисциплински мерки против лица кое се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконито и неетички. Корупцијата мора да се запре со строги закони. Поединците кои ќе извршат кривични дела треба да добијат строги казни. Исто така, најважно е строгите закони да се спроведуваат ефикасно и брзо.

Заради јакнење на принципите на транспарентно работење сите вработени како и именувани лица во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување на лична корист и имаат обврска да се спротивстават на секаква форма на корупција во рамки на установата

**Изготвил:** Марко Ѓурковски __________

**ДИРЕКТОР,**
**НЕНАД ЦВЕТКОВИЌ**


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово+389 31 411 433
Република Северна Македонија
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com